Ви доставуваме одлуката бр.02-614/3 од 01.04.2011 год.

и Основни критериуми за работа на Комисијата за решавање на барања од физички и правни лица бр. 02-1676/4 од 26.09.2014 год.

Ј.П. "ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ" ОХРИД

02 - 614/3
01 - 04 14

Тел: 263-325 Факс: 261-416 E-mail : ohridkom@mt.net.mk
Жиро сметка: 530-0001000731-36 Дан.бр.: МК 4020989101655
Депонент: "Охридска Банка"-Охрид

Врз основа на член 19 од Законот за јавни претпријатија и член 17 од Статутот на ЈП "Охридски Комуналец" Охрид, Управниот Одбор на јавното претпријатие ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Член 1**

Сопственици на индивидуални станови и станови во колективно живеење евидентирани како корисници на услугите на ЈП "Охридски Комуналец"-Охрид за подигање, транспортирање и депонирање на комунален отпад кои повеќе не живеат во Охрид а тоа не го пријавиле т.е не се одјавиле, ќе плаќаат надоместок во висина од 50% од цената на овој вид на услуга, се до моментот на одјавувањето кое треба да биде евидентирано во Наша евиденција.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Управен Одбор на
ЈП"Охридски Комуналец"-Охрид
Зам.претседател,
Перо Крстаноски

Врз основа на член 17 од Статутот на ЈП "Охридски Комуналец" Охрид, Управниот Одбор на јавното претпријатие на својата седница одржана на ден 26.09.2014 година, ги донесе следните:

# *ОСНОВНИ КРИТЕРИУМИ*

**за работа на Комисијата за решавање на барања од физички и правни лица**

До ЈП "Охридски Комуналец" Охрид од корисници на нашите услуги постојано пристигнуват писмени барања, молби, приговори и друго, а по различни основи. За таа цел се формира Комисија која ќе има задача сите пристигнати писмени барања, молби, приговори и друго да ги ги разгледа, за дел од истите да донесе решение, а за делот којшто нема да може самостојно да го реши, да даде мислење до Управниот Одбор на јавното претпријатие.

За таа цел, Комисијата при решавање на барањето, молбата, приговорот и друго, ги применува следните Основни критериуми:

**1.** За корисниците на наши услуги кои живеат во индивидуални станови и станови на колективно живеење а кои немат редовен престој во нив, по нивно писмено барање со доказ за сметка од потрошена електрична енергија, да се ослободат во висина од 50%, доколку до 30.06. во текот на годината имат доставено барање до Претпријатието со доказ за непотрошена електрична енергија.

Доколку и во текот на наредните 6 месеци од 01.07 до 31.12 корисникот сака да биде ослободен во висина од 50% од плаќање на надоместок за "ѓубретарина", до 31.12 во тековната година да достави доказ - сметки за непотрошена електрична енергија.

**2.** По барања од физички или правни лица а се однесуват за намалување на квадратурата или нередовно извршување на нашата услуга, како и други приговарања, Комисијата по детална проверка на наводите во барањата ќе може да одлучува со релевантни докази а доколку не може самостојно да го реши случајот, да се обрати до Управниот Одбор на јавното претпријатие.

**3.**Комисијата ќе се состанува по потреба, во зависност од стасаните барања и ќе ги решава или дава предлози за сите барања. Задолжително за одлуките писмено да ги известува подносителите на барањата.

Комисијата за својата работа изготвува месечен извештај и го доставува до Директорот на јавното претпријатие како и до УО на претпријатието.

УО на ЈП "Охридски Комуналец" Охрид
Претседател,
Љубица Смилеска Мојсоска

Јавно претпријатие за
комунална дејност
„ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ"
Бр. 02-242/3
17.02. 2015 год
Охрид

Врз основа на член 19 од Законот за јавни претпријатија и член 17 од Статутот на ЈП "Охридски Комуналец" Охрид, Управниот Одбор на ЈП "Охридски Комуналец" Охрид на својата седница одржана на ден 17.02.2015 година ја донесе следната

# ОДЛУКА
# ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНИТЕ НА УСЛУГИТЕ ШТО ГИ ВРШИ ЈП "ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ" ОХРИД

*(Пречистен текст)*

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдуваат цените на услугите што ги извршува ЈП "Охридски Комуналец" Охрид и тоа:

***1.Надоместок за подигање, транспортирање и депонирање на комунален отпад од физички лица***

**Член 2**

Надоместокот за извршена услуга – подигање, транспортирање и депонирање на комунален отпад од домаќинствата на територијата на општина Охрид се утврдува во зависност од површината на станбениот објект во кој живее домаќинството и тоа:

- За сопственици на индивидуални станови и станови во колективно живеење надоместокот се утврдува 2.40 денари/м2 месечно. Сметките се изготвуваат и доставуваат секој месец.

***2. Надоместок за подигање, транспортирање и депонирање на комунален отпад од правни лица***

**Член 3**

Надоместокот за извршена услуга – подигање, транспортирање и депонирање на комунален отпад од правни лица на територијата на општина Охрид се утврдува во зависност од површината на деловниот објект во кој ја обавува дејноста правното лице и карактерот на дејноста која ја обавува правното лице и тоа:

- За правни лица кои обавуваат трговска или угостителска дејност со површина на деловниот простор, односно објектот до 100 м2 надоместокот се утврдува 16,30 денари/м2 месечно

- За правни лица кои обавуваат трговска или угостителска дејност со површина на деловниот простор, односно објектот над 100 м2 надоместокот се утврдува 11,оо денари/м2 месечно

- За правни лица кои се занимаваат со продажба на брза храна надоместокот се утврдува паушално во висина од по 1.090,оо денари месечно освен за киосците кои се занимаваат со продажба на брза храна за кои надоместокот изнесува 540,оо денари месечно

- За адвокати, адвокатски канцеларии, нотари, нотарски канцеларии, канцеларии на судски извршители, штедилници и менувачници, туристички бироа и агенции, приватни школи, приватни градинки, детски престојувалишта и игротеки, канцеларии за сметководствени и правни услуги, канцеларии за проектантски услуги и геодетски работи, канцеларии на судски преведувачи, претставништва на невладини организации, регистрирани занаетчии и други правни субјекти кои вршат нестопански дејности со корисна површина до 500 м2 надоместокот се утврдува 6,10 денари/м2 месечно

- За правните лица кои вршат нестопанска дејност во деловни простории/објекти со корисна површина над 500 м2, како и правни лица кои вршат стопанска дејност и не се опфатени во категориите утврдени во став 1 точка 1, 2, 3 и 4 од овој член надоместокот се утврдува 3,2 денари/м2 месечно

-Надоместокот за подигање, транспортирање и депонирање на комунален отпад од